# СОЦИО-ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ *на* ПИВАРА СКОПЈЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2023

Coca-Cola HBC THE Coca-Cola COMPANY HEINEKEN






# СОДРЖИНА

1. **ВОВЕД** И КЛУЧНИ НАОДИ
2. **ОПСЕГ** И МЕТОДОЛОГИЈА
3. **ЗА** ПИВАРА СКОПЈЕ
4. **ЕКОНОМСКО** ВЛИЈАНИЕ
5. **ПАРТНЕРСТВА** СО ЗАЕДНИЦАТА

# ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ



# РЕЗИМЕ:
# ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 г.

## ВОВЕД
### Која е целта на оваа студија?

Пивара Скопје, која е заедничко вложување помеѓу **Coca-Cola HBC** и **HEINEKEN,** ја поддржува македонската економија преку производство, дистрибуција и продажба на пијалаци. Нејзиното работење има значајни директни и индиректни влијанија во локалната економија преку вработување и придонеси во Бруто-Домашниот Производ.

Студијата за социо-економско влијание го квантификува влијанието на Пивара Скопје во однос на вработувањата во земјата и креираната додадена вредност, директно или индиректно, во рамки на нејзиниот синџир на вредности. Додадената вредност е збир од плати, даноци и добивка.



# РЕЗУЛТАТИ

## Кои се главните наоди?

ВО 2023 ГОДИНА, ПИВАРА СКОПЈЕ КРЕИРА ПРИБЛИЖНО

**139 милиони евра**
ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

вклучувајќи 28 милиони евра директна додадена вредност од своето работење.

35 милиони евра нагоре по синџирот кај своите добавувачи и кај добавувачите на добавувачите и

76 милиони евра надолу по синџирот кај своите трговски партнери и нивните добавувачи.

ВО ОВАА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ СЕ ВКЛУЧЕНИ

**37 милиони евра**
ВО ПЛАТИ
за работниците во рамките на нејзиниот синџир на вредности

**71 милион евра**
ВО ДАНОЦИ

ПИВАРА СКОПЈЕ ИМА ВКУПЕН ПРИДОНЕС

**1.0%** ОД БДП НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во 2023 година.

Најголема додадена вредност е креирана во трговскиот и производствениот сектор, вклучувајќи го и секторот за храна и пијалаци.





ПИВАРА СКОПЈЕ ПОДДРЖУВА

**8,700 РАБОТНИ МЕСТА** во 2023 година.

вклучувајќи 399 работни места во Пивара Скопје

2600 работни места нагоре по синџирот кај своите добавувачи и кај добавувачите на добавувачите и

5700 работни места надолу по синџирот кај своите трговски партнери и нивните добавувачи.

ОКОЛУ

**1,100** ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ и **4,800** ВО ТРГОВСКИОТ СЕКТОР

(директно и индиректно) се поддржани од Пивара Скопје низ целата земја.

ПИВАРА СКОПЈЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА

**1.3%** ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА РАБОТНИ МЕСТА ВО РСМ.

СО СЕКОЕ ВРАБОТЕНО **1 ЛИЦЕ** ДИРЕКТНО ВО ПИВАРА СКОПЈЕ

ПОДДРЖУВА **21 РАБОТНО МЕСТО** ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

# ЗАКЛУЧОК

## Која е главната констатација од оваа студија?

Овие резултати го прикажуваат опсегот на позитивните економски придонеси на Пивара Скопје.
Студијата низ бројки го покажува степенот до кој

**ПИВАРА СКОПЈЕ Е СУШТИНСКИ УЧЕСНИК ВО СЕКТОРИТЕ ЗА УСЛУГИ, ТРГОВИЈА И ПРОИЗВОДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

поттикнувајќи го економскиот раст и придонесувајќи за вработувањето низ целата земја.

# КЛУЧНИ БРОЈКИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА

**ПИВАРА СКОПЈЕ КРЕИРА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ** ЗА ЕКОНОМИЈАТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **И ПРИДОНЕСУВА ЗА ОТВОРАЊЕ** МОЖНОСТИ ЗА КВАЛИТЕТНО ВРАБОТУВАЊЕ

**€124 МИЛИОНИ**

во нето-приходи од продажба (НПП) пријавени од Пивара Скопје. Овој износ опфаќа 104 милиони евра НПП на локално ниво, 3 милиони евра од извоз и 17 милиони евра од меѓукомпаниска продажба.

**200 МИЛИОНИ ЛИТРИ**

има продадено Пивара Скопје. Тука се вклучени 151 милион литри од локална продажба, 6 милиони литри од извоз и 43 милиони литри од меѓукомпаниска продажба.

**€46 МИЛИОНИ**

е вредноста на стоките и услугите набавени од домашни добавувачи.

**€139 МИЛИОНИ**

се додадена вредност во економијата во рамките на синџирот на вредности.

**1.0% ПРИДОНЕС**

кон Бруто-Домашен Производ на Северна Македонија.

**€71 МИЛИОН**

се придонес преку плаќањата даноци во рамките на синџирот на вредности.

**399 ЛИЦА**

се вработени директно од Пивара Скопје во Северна Македонија.

**8,310 ВРАБОТУВАЊА**

се индиректно овозможени од Пивара Скопје во рамките на синџирот на вредности.

**1:21**

Со секое директно вработување во Пивара Скопје, се поддржува 21 друго работно место во Северна Македонија.

# ОПСЕГ И МЕТОДОЛОГИЈА



# **ВО СТУДИЈАТА СЕ КВАНТИФИКУВА ВЛИЈАНИЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ** ВО РАМКИТЕ НА НЕЈЗИНИОТ СИНЏИР НА ВРЕДНОСТИ, ОБЕЗБЕДУВАЈЌИ ТРИ НИВОА НА РЕЗУЛТАТИ

## ОПСЕГ

Оваа студија го опфаќа економското влијание на Пивара Скопје во Северна Македонија во 2023 година.

### ТРИТЕ НИВОА НА РЕЗУЛТАТИ ВКЛУЧУВААТ

| РЕЗУЛТАТИ | | |
|---|---|---|
| **ДИРЕКТНИ:** | **НАГОРЕ ПО СИНЏИРОТ:** | **НАДОЛУ ПО СИНЏИРОТ:** |
| оние што се поврзани со директното работење на Пивара Скопје, вклучувајќи ги нејзините вработени и придонесите во однос на додадена вредност. Второто се состои од плати за вработените, остварена добивка и платени даноци. | оние поврзани со набавки на Пивара Скопје на домашни услуги и добра. Се користат податоците на Пивара Скопје (и на Coca-Cola Компанијата) за да се следат трошоците за добра и услуги купени од добавувачи од Северна Македонија нагоре по синџирот на набавки на Пивара Скопје. | оние што произлегуваат од дистрибуцијата и продажбата на пијалаците на Пивара Скопје. Тука спаѓаат маржите генерирани со продажбата на пијалаците на Пивара Скопје во земјата. |





# СТУДИЈАТА ГО ПРОЦЕНУВА ВЛИЈАНИЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ СЛЕДЕЈЌИ ГО ТЕКОТ НА ПАРИТЕ

## МЕТОДОЛОГИЈА

За да се измери економскиот ефект на компанијата, следиме како циркулира во економијата она што го трошат потрошувачите на пијалаците на Пивара Скопје.



Студијата е спроведена од независната консултантска куќа **„Стјуард Редквин“** во периодот од јануари 2024 до јули 2024 година. Податоците се земени директно од Пивара Скопје од **билансот на успех на компанијата** (вклучувајќи ги секторските трошоци на добавувачите), **бројот на вработените, платите, даноците, како и обемот на продажбата и малопродажните вредности.** Во процената се користат макроекономски податоци од Евростат, Државниот завод за статистика и од Проектот за анализа на глобалната трговија на Универзитетот „Перду“.

Резултатите се пресметуваат со користење на **моделот на „влез-излез“**, вообичаено применуван метод развиен од **економистот Василиј Леонтјев, добитник на Нобеловата награда,** кој се користи од академици и владини претставници ширум светот за мерење на економските влијанија. Моделот ја одразува **целокупната бруто-економска активност** во земјата поврзана со **работењето, производството и продажбата** на пијалаците на Пивара Скопје.

**МЕТОДОЛОГИЈАТА ГИ СЛЕДИ ИЗВОРИТЕ НА ПРИХОДИ НА ПИВАРА СКОПЈЕ** И НА НЕЈЗИНИТЕ КУПУВАЧИ ВО ЕКОНОМИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИТЕ И НА ИНДИРЕКТНИТЕ ЕФЕКТИ




* Податоци ограничени на препорачаните цени и на јавно достапните информации за просечните цени.
** Индуцираните ефекти се пресметуваат само за вработувањето (а не и за додадената вредност), бидејќи тоа би било двојно пребројување на платите.

# **ОБЕМОТ НА ВЛИЈАНИЕТО Е РАКОВОДЕН ОД СТРУКТУРАТА НА КОМПАНИЈАТА,** НЕЈЗИНИТЕ ЛОКАЛНИ НАБАВКИ И МАРЖИТЕ КОИ ГИ ПОТТИКНУВА ЗА КУПУВАЧИТЕ.



## НАГОРЕ ПО СИНЏИРОТ

Индиректното влијание нагоре по синџирот произлегува од домашните набавки

- **Купувањето од домашни добавувачи значи дека парите остануваат во локалната економија;**
- Добавувачите плаќаат плати, заработуваат добивка, плаќаат даноци и вработуваат работници;
- Добавувачите, исто така, купуваат материјали и услуги за да ги произведат производите што ѝ ги обезбедуваат на Пивара Скопје, за возврат обезбедувајќи повеќе плати, даноци, профит и вработување на ниво на сопствени добавувачи.







## ПИВАРА СКОПЈЕ

Директното влијание на Пивара Скопје зависи од нејзината големина и од карактеристиките

- Големината на Пивара Скопје (производствени и канцелариски капацитети) го утврдува нејзиното директно влијание;
- Другите одлучувачки фактори ги вклучуваат нејзините одлуки за работната сила (вработени на платен список наспроти користење услуги од надворешни ангажирани лица); профитабилноста; националните даночни нивоа.



## НАДОЛУ ПО СИНЏИРОТ

Индиректното влијание надолу по синџирот произлегува од обемот на продажбата и маржите за малопродажните места

- Трговците на мало и дистрибутерите заработуваат маржи за пласирање пијалаци на пазарот;
- Маржите се разликуваат во зависност од видот на трговецот на мало; малопродажните места каде што се нуди консумација на лице место имаат повисоки маржи од оние каде што се нуди идна консумација; во малопродажните места каде што се нуди консумација на лице место се обезбедува и поголемо вработување;
- Колку повеќе продаваат и колку повеќе маржи заработуваат, толку се подобри резултатите за приходите и вработувањата на трговците на мало;
- Со маржите трговците на мало купуваат и материјали и услуги, за возврат обезбедувајќи повеќе плати, даноци, добивки и вработување на ниво на сопствени добавувачи.

ЗА
ПИВАРА СКОПЈЕ



# **ЗА** ПИВАРА СКОПЈЕ

**Пивара Скопје, припаѓа на две големи корпорации, Coca-Cola HBC и HEINEKEN, и преставува спој на меѓународна експертиза со локално наследство.**

## Основана во 1922 година, Пивара Скопје е водечка компанија за пијалаци во Северна Македонија.

Компанијата постојано го развива своето портфолио со цел да нуди пијалаци за секоја пригода во текот на денот и да биде 24/7 партнер на купувачите и на потрошувачите, што преставува една од најважните стратегиски определби. Нејзиното портфолио вклучува безалкохолни пијалаци, пиво и врвни жестоки пијалаци.

Локалната продажба на компанијата опфаќа 151 милион литри пијалаци годишно (2023), од кои 105 милиони литри се безалкохолни пијалаци, 46 милиони литри се пиво и 0,1 милион литри се жестоки пијалаци. Покрај ова, извезени се 6 милиони литри пиво, а 43 милиони литри претставуваат меѓукомпаниска продажба.

Пивара Скопје произведува, пласира и дистрибуира реномирани пијалаци од брендот на Coca-Cola и на Heineken, од кои најголем дел се произведуваат локално, во Северна Македонија, користејќи колку што е можно повеќе материјали и услуги од домашни извори.

## Пивара Скопје ја прослави својата 100-годишнина во 2022 година,

одбележувајќи еден век традиција, развој и партнерство со заедницата.

## Оваа година, компанијата ја слави 100-годишнината од својот најпрепознатлив бренд на пиво - СКОПСКО.

Компанијата е посветена на одржливиот развој, фокусирајќи се на образованието, заштитата на животната средина и поддршката на заедницата.

ПИВАРА · СКОПЈЕ
1922

# **КУС ПРИКАЗ**
# НА ПИВАРА СКОПЈЕ




* Тука се опфатени 151 милион литри локална продажба, 6 милиони литри извоз и 43 милиони литри меѓукомпаниска продажба.





# **ОД 2019 ГОДИНА,**
# ПИВАРА СКОПЈЕ ОСТВАРИ ПОРАСТ НА **ПРОДАЖБАТА** И **ПРИХОДИТЕ**







И покрај тоа што 2020 година беше обележана со КОВИД мерки кои влијаеа на ХОРЕКА (угостителските) објекти, од 2021-2023 година може да се види силно закрепнување на секторот кое се рефлектира и на продажбата и на приходите.

* Тоа е продажбата и приходите поврзани со продажбата во Северна Македонија, со што се исклучени продажбата и приходите од извозот.

2023 **СОЦИО-ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ** НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ВО 2023 ГОДИНА, ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО РСМ ПОТРОШИЛЕ 206 МИЛИОНИ ЕВРА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ПИВАРА СКОПЈЕ

Во 2023 година,
потрошувачите потрошиле

**206 милиони евра***

за

**151 милион литри****

Пијалаци на Пивара Скопје

**Ова вклучува**

**118 милиони евра** на
**105 милиони литри**
БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

**71 милион евра** на
**46 милиони литри**
ПИВО

**2 милиона евра** на
**0,1 милион литри**
ЖЕСТОКИ ПИЈАЛАЦИ

**29 милиони евра**
ДДВ на цената на готовиот производ

**59 милиони евра**
маржи за трговците на мало и дистрибутерите***

**14 милиони евра**
акцизи

**104 милиони евра**
нето-приходи од продажбата на локално ниво на Пивара Скопје

Дополнително: 3 МИЛИОНИ ЕВРА ПРОДАЖБА ОД ИЗВОЗ, 19 МИЛИОНИ ЕВРА МЕЃУКОМПАНИСКА ПРОДАЖБА И 1,8 МИЛИОНИ ЕВРА ВО ТРОШОЦИ НА THE COCA-COLA COMPANY

## Двигатели на влијанието надолу по синџирот

ДДВ за крајната потрошувачка влегува во државниот буџет.

Парите кои ги заработуваат трговските партнери им овозможуваат да генерираат добивка, да вработуваат луѓе, да плаќаат даноци и плати и да акумулираат заштеди и понатаму да ги купуваат стоките и услугите што се потребни за нивното сопствено работење.

## Двигатели на влијанието нагоре по синџирот

Пивара Скопје плаќа даноци и плати, прави добивка и вработува луѓе во Северна Македонија;

Парите што ги троши на домашните продавачи им овозможуваат да вработуваат луѓе, да плаќаат даноци и плати, да собираат заштеди и натаму да купуваат стоки и услуги потребни за сопственото производство.

* Овој износ ги вклучува акцизните давачки што се наплаќаат за пијалаците на Пивара.
** Се однесува на продадени количества во Северна Македонија, со исклучок на извозот и меѓукомпаниската продажба. Додека производството на количества за извоз и меѓукомпаниската продажба се вклучени во влијанијата нагоре по синџирот, нивната продажба е вон опсегот бидејќи се одвива надвор од РСМ.

*** Податоците се ограничени на препорачаните цени и на јавно достапните информации за просечните цени.

# ВО 2023 ГОДИНА, ПИВАРА СКОПЈЕ ПОТРОШИ 46 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА КУПУВАЊЕ СТОКИ И УСЛУГИ ОД ДОМАШНИ ДОБАВУВАЧИ И ПРОДАДЕ 151 МИЛИОН ЛИТРИ ПИЈАЛАЦИ ВО ЗЕМЈАВА

**РАСЧЛЕНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ НАБАВКИ***

Во милиони евра

| | |
|---|---|
| €14.5 | ДЕЛОВНИ УСЛУГИ |
| €9 | ПРЕРАБОТКА НА ШЕЌЕР |
| €6.5 | ТРАНСПОРТ |
| €5 | ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА |
| €3 | МАШИНЕРИЈА |
| €2 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО |
| €6 | ДРУГО |

Со локална набавка на стоки и услуги, Пивара Скопје го поддржува влијанието нагоре во својот синџир на вредности.

52% од 46 милиони евра што Пивара Скопје ги потрошила за локални набавки се инвестирани во преработка на шеќер и во деловни услуги.

* Набавката вклучува буџет за набавка од The Coca-Cola Company што се троши во Северна Македонија.



2023 **СОЦИО-ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ** НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**РАСЧЛЕНУВАЊЕ НА ВОЛУМЕНОТ**

Во милиони литри

| | |
|---|---|
| 53 | ИДНА КОНСУМАЦИЈА ОРГАНИЗИРАНА ТРГОВИЈА |
| 52 | ИДНА КОНСУМАЦИЈА ФРАГМЕНТИРАНА ТРГОВИЈА |
| 27 | НЕПОСРЕДНА КОНСУМАЦИЈА УГОСТИТЕЛСТВО |
| 19 | НЕПОСРЕДНА КОНСУМАЦИЈА ДРУГО |

Продажбата на пијалаци го поддржува влијанието надолу по синџирот на вредности.

Во 2023 година, Пивара Скопје продаде 151 милион литри пијалаци во Северна Македонија, од кои 70% преку продажни канали за идна консумација, а 30% преку продажни канали во кои се нуди консумација на самото место.

# ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ



# **ПИВАРА СКОПЈЕ** КРЕИРА 139 МИЛИОНИ ЕВРА ВО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ **ВО РАМКИТЕ НА СВОЈОТ СИНЏИР НА ВРЕДНОСТИ**

**Придонес за додадената вредност**
Во милиони евра






## Пивара Скопје оствари директен приход од 28 милиони евра

Тука влегуваат исплатените плати, остварената добивка и даноците на кои подлежи Пивара Скопје

Индиректно, Пивара Скопје придонесе за остварување на **111 МИЛИОНИ ЕВРА**

Најголемото влијание е надолу по синџирот

**76 МИЛИОНИ ЕВРА**

при што продажбата на Пивара Скопје обезбедува

**29 МИЛИОНИ ЕВРА ДДВ**

купувачите имаат придобивка од **26 МИЛИОНИ ЕВРА**

добавувачите на купувачите имаат придобивка од **21 МИЛИОН ЕВРА**

Дополнителни

**35 МИЛИОНИ ЕВРА**

во вредноста придонесува нагоре по синџирот, на ниво на нејзините првостепени добавувачи и на ниво на нивните добавувачи.

Овие бројки ги опфаќаат само приходите што ѝ се припишуваат на Пивара Скопје (а не сите приходи на нејзините добавувачи и од партнерските малопродажни места).

Вкупната додадена вредност е еквивалентна на 1% од БДП на земјата*.

Секое евро потрошено од потрошувачите на пијалаците на Пивара Скопје во Северна Македонија креира додадена вредност од 68 центи во економијата.

* Со БДП од 13.7 милијарди евра за 2023 година (Еуростат).

# НАЈГОЛЕМ УДЕЛ ВО ДОДАДЕНАТА ВРЕДНОСТ ИМААТ ДАНОЦИТЕ ЗА ДРЖАВАТА

**Придонес за додадената вредност**
Во милиони евра






## Вкупната додадена вредност од €139 милиони исто така може да се расчлени по корисници:

Даночните плаќања поврзани со работата на Пивара Скопје низ синџирите на вредности изнесуваат 71 милион евра, со што Република Северна Македонија има најголема корист од работењето на Пивара Скопје во земјата:

**ДАНОЦИТЕ ШТО ГИ ПЛАЌА ПИВАРА СКОПЈЕ СЕ СОСТОЈАТ ОД**

| | | |
|---|---|---|
| АКЦИЗА **79%** | ДАНОК НА ДОБИВКА **13%** | ДАНОК НА ПЛАТА **3%** |
| УВОЗНИ ДАВАЧКИ **2%** | НЕПОВРАТЕН ДДВ **1%** | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД **1%** |
| ДАНОК НА ИМОТ **0,4%*** | | |

**Од 42 милиона евра даноци од првиот круг,** 29 милиони евра се ДДВ поврзан со продажбата на пијалаци на Пивара Скопје; останатите 13 милиони евра се даноци платени од добавувачите и купувачите на Пивара Скопје.

**Даноците од 18 милиони евра платени од Пивара Скопје** сочинуваат **1.0% % од вкупните даночни приходи во Северна Македонија**; додека, пак, **вкупниот данок на синџирот на вредности од 71 милион евра изнесува 3,8% од даночните приходи на Северна Македонија**.**

Домаќинствата во рамките на синџирот на вредности остварија придобивка 37 милиони евра, од кои 10 милиони евра заработија вработените во Пивара Скопје:

Пријавените директни плати вклучуваат нето-плати, придонеси за социјално осигурување и сите други придобивки за вработените.

Пивара Скопје и компаниите во рамките на нејзиниот синџир на вредности оствариja добивка од околу 31 милион евра, од кои 1 милион се заработени од Пивара Скопје.

* Ова го вклучува само данокот на имот платен заклучно со 31.12.2023 година.
** Вкупните даночни приходи од 1,9 милијарди евра за 2023 година во Северна Македонија се дадени како 114 милијарди денари (Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија) со девизен курс од „Блумберг“.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ СЕ ПРОТЕГА ВО ПОВЕЌЕ СЕКТОРИ

**Придонес за додадената вредност***
Во милиони евра








## Трговскиот сектор е еден од најголемите корисници на активностите на Пивара Скопје, со додадена вредност од 32 милиона евра

**Секторот за деловни услуги** оствари придобивка од **19 милиони евра**; од нив, **8 милиони евра** беа на ниво на домашните добавувачи на Пивара Скопје во областа на маркетингот, рекламирањето и други професионални услуги.

**Производствениот сектор** оствари придобивка од **11 милиони евра**, од кои **4 милиони евра** за првиот круг добавувачи на стоки на Пивара Скопје, како што се шеќер, материјали за пакување, делови за машини.

**Транспортниот сектор** оствари придобивка од **8 милиони евра**; тие можат да се поделат на додадена вредност од **3 милиони евра** преку добавувачите на Пивара Скопје, како што се камионските или логистичките компании, и 5 милиони евра преку нивните соодветни добавувачи.

**Земјоделскиот сектор** оствари придобивка од **5 милиони евра**, главно индиректно, поради набавката на земјоделски производи од партнерите во синџирот на снабдување на Пивара Скопје; тоа се, на пример, земјоделците поддржани со набавка на земјоделски производи од малопродажни места или други партнери во синџирот на вредности.

* Овој графикон прикажува142 милиона евра од вкупната додадена вредност без ДДВ поделено по економски сектори; сите влијанија во врска со добавувачите и малопродажните места и  со добавувачите на добавувачите и на малопродажните места вклучуваат влијание нагоре по синџирот и надолу по синџирот.

# ПИВАРА СКОПЈЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОВЕЌЕ ОД 8,700 МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА СВОЈОТ СИНЏИР НА ВРЕДНОСТИ

**Вработување**
Број на лица






**Бројот на вработени во синџирот на вредности** на Пивара Скопје се проценува на близу **8700**, што претставува **1.3% од вкупниот број на вработувања во Северна Македонија*.**

Пивара Скопје **има 399 работни места. Индиректно, овозможи поддршка на** околу **8310 работни места**, од кои:

- 2640 нагоре по синџирот (1210 кај сопствените домашни добавувачи и 1430 на ниво на добавувачите на нејзините добавувачи);
- 5670 надолу по синџирот (4080 во рамките на продажните места каде што се врши малопродажба на нејзините пијалаци и 1590 во рамките на добавувачите на малопродажните места);
- Овие бројки ги прикажуваат само работните места во синџирот на вредности што ѝ се припишуваат на Пивара Скопје (а не сите работни места кај добавувачите и малопродажните партнери на Пивара Скопје).

**Со секое директно вработување во Пивара Скопје, се овозможува 21 друго работно место во Северна Македонија,** од кои 7 нагоре по синџирот преку локални набавки и 14 надолу по синџирот преку продажба.

Поради дополнителното трошење од вработените во Пивара Скопје и нивните добавувачи, уште **2000 работни места може да му се припишат на индуцираното влијание.**

* Вкупниот број вработено население во Северна Македонија се проценува на 680.174 за 2023 година според Државниот завод за статистика.

# ПОВЕЌЕТО РАБОТНИ МЕСТА СЕ ПОДДРЖАНИ ВО СЕКТОРОТ ТРГОВИЈА

**Вработување**
Број на лица








## Најголемо влијание во однос на вработените има во секторот трговија

**Вкупно,** околу **4800 работни места** се поддржани од Пивара Скопје АД, што е **3,6%** од вкупниот број вработени во **секторот трговија** во земјата*;

**4080 работни места** се распространети кај купувачите на Пивара Скопје, кои ги продаваат нејзините производи; 350 од овие работни места се кај дистрибутери, 880 во трговски канали за идна консумација (на пр. мали семејни продавници, супермаркети) и 2850 во трговски канали (на пр. барови, хотели, ресторани) коишто нудат консумација на самото место.

Во **производствениот сектор** се придонесе за околу **1120 можности за вработување,** од кои 470 на ниво на добавувачи.

Во **земјоделскиот сектор,** Пивара Скопје придонесе за постоење **860 работни места**, од кои 170 се директно поврзани со набавките на Пивара Скопје (суровини за производство на пиво), а 690 се на ниво на домашните добавувачи на Пивара Скопје.

Во **секторот за деловни услуги и транспорт** беа овозможени **760 и 430 вработувања.** Меѓу нив се и луѓето што работат на маркетинг и рекламни материјали за компанијата.

* Вкупното вработено население во трговијата на големо и мало и во услугите за сместување и храна во Северна Македонија се проценува на 132414 за 2023 година, според Државниот завод за статистика.

# ПАРТНЕРСТВА СО ЗАЕДНИЦАТА



# РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ **ПРЕКУ ПЛАТФОРМАТА** „YOUTH EMPOWERED“




## YOUTH EMPOWERED

Креираме дополнителни можности и перспективи за младите и лицата од ранливите категории, придонесуваме за зголемување на нивното вработување и за развојот на претприемништвото во земјата.

Во **2023** година се реализирани над **100** бесплатни обуки „Вештини за успех“ во рамките на платформата „Youth Empowered“ на Пивара Скопје. Над **8,000** млади ја поминале бесплатната обука. Во рамките на овие обуки, младите имаат можност да ги усовршат своите бизнис и животни вештини, како што се комуникациските и продажните вештини, стекнуваат знаења од областа на финансиите, учат како да управуваат со проекти и како да преговараат.

Во 2023 година:

- повеќе од **50%** од учесниците се вработиле или основале сопствен бизнис;
- **98%** од учесниците се задоволни од обуките;
- **56%** од учесниците се жени.

Своите искуства и знаења од клучните области на деловното работење преку менторски пристап им го пренесуваат членови на менаџерскиот тим од Пивара Скопје и други водечки претставници од бизнисот, експерти од академската заедница, од јавните институции, како и од реномирани меѓународни организации.

**27** ГОДИНИ

ТРАДИЦИЈА ВО ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ

**8** ГОДИНИ

ГОДИНИ БЕСПЛАТНИ ОБУКИ „ВЕШТИНИ ЗА УСПЕХ“





## ЛЕТНА ПРАКСА “COKE SUMMERSHIP”

Летната пракса Coke Summership, која започна во 2020 година, е наменета за сите студенти што се во завршната година од своите студии. Нуди можности за независна работа, како и работа во тимови на проекти во чии рамки се развива стратегиското размислување, истражувањето, креативноста, како и продажните и преговарачките вештини. Праксата трае 4 седмици и секој учесник добива свој ментор од вработените на Пивара Скопје.

Заклучно со 2023 година, оваа програма:

**60** учесници

ја посетиле

**60** ментори

од Пивара Скопје волонтерски учествувале



# ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## АКЦИИ ЗА ЧИСТЕЊЕ ОТПАД И САДЕЊЕ ДРВЈА

Пивара Скопје е водечки стратешки партнер заедно со Пакомак, на најмасовната национална еколошка акција **„GENERALKA WEEKEND“** во организација на Мен енд Маунтен , како дел од долгорочната стратегија на компанијата за одржлив развој и најважните **стратегиски иницијативи – „Свет без отпад“ и намалување на CO2 емисии во атмосферата.**

Преку волонтерските акции за чистење и **садење дрвја** во рамките на **„GENERALKA WEEKEND“** и **„Сончева гора“**, од почетокот на оваа иницијатива досега:

- собрани се **440** тони отпад;
- засадени се околу **100 000** дрвја,
- учествувале **25 500** волонтери.

Само во **2023** година, собрани се над **252** тони отпад и засадени се **50 000** 000 дрвја, а учествувале околу **16 000** волонтери.





Иницијативата **GENERALKA WEEKEND** е избрана за најдобра општествена практика за 2023 година во категоријата „Однос кон животната средина кај големи претпријатија“ од страна на Министерството за економија и Координативното тело за општествена одговорност.



## СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ ПРЕКУ ВЕНДИНГ-МАШИНИ

Со цел исполнување на заложбата „Свет без отпад“ и подигнување на свеста за заштита на животната средина, Пивара Скопје, **како еден од најголемите основачи на Пакомак,** активно е вклучена и во проектот со вендинг-машини за собирање и селекција на отпадот од пакувања. Заклучно со 2023 година, поставени се **56 вендинг-машини** за селекција на пластика и лименки, при што се добиваат „зелени поени“. Во 2023 година, Пивара Скопје воведе и капачиња прицврстени на пластичната амбалажа за целото портфолио на безалкохолни пијалаци, а со тоа се овозможува тие да бидат рециклирани заедно со амбалажата, по консумирањето на пијалакот. Со оваа иновација, Пивара Скопје е меѓу првите компании во државава што воведува ваков тип капачиња.





2023 **СОЦИО-ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ** НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПЛАТФОРМА НА СКОПСКО – „НАША ГОРДОСТ. НАША ОДГОВОРНОСТ“

„Наша гордост. Наша одговорност“ е долгорочна платформа на Скопско за општествена одговорност, посветена на **зачувувањето на природните убавини и културните обележја на нашата земја**.

Во 2023 година, преку кампањата **„Заедно за чисто Охридско Езеро“**, од секое продадено стаклено шише од 0,5 л Скопско и Скопско Smooth е издвоен по 1 денар, а средствата се вложени во активности посветени на чистење на крајбрежјето и дното на Охридското Езеро и на поставување пловни препреки на едни од најголемите загадувачи на езерото – реките Сатеска и Далјан.







# РОСА ПЛАТФОРМА ЗА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛСТВОТО И ДОЕЊЕТО

Долгогодишна платформа во чии рамки се отворени **„Роса школи за родителство“** и **„Роса школи за доење“** во партнерство со Министерство за здравство

Пивара Скопје ја поддржува заедницата и придонесува за правилна нега и раст на доенчињата и едукација на нивните родители преку бесплатна стручна помош, совети за процесот на доење и за родителството воопшто. Преку кампањата се извојува по 1 денар од секое продадено шише Роса од 1,5 и 0,5 литри. Во 2023 година, се отворени **2 школи за доење, и тоа во Тетово и на Детската клиника во Скопје**. Од почетокот на платформата во 2018 година, се отворени вкупно **9** „Роса школи за родителство“ и **6** „Роса школи за доење“.



# ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ

## СОС ДЕТСКО СЕЛО

Долгогодишното партнерство на Пивара Скопје и СОС Детско село е доказ дека активно сме вклучени во поддршка на **најранливите категории**. Освен со финансиска поддршка, **организираме волонтерски акции** за децата од СОС Детско село, во кои учествуваат вработените од Пивара Скопје на различни теми, и тоа изработка на новогодишни украси, читање книги, садење цвеќиња, правење новогодишни колачиња. Дополнително, **младите од СОС Детско село се вклучени и во бесплатната обука „Вештини за успех“**.











## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Една од главните стратешки заложби на Пивара Скопје е давањето помош на оние на кои им е најпотребна. Таа заложба се потврдува преку **долгорочното партнерство** со Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје со помош на **континуирана помош и логистика** на Пивара Скопје во многу хуманитарни акции и при елементарни непогоди.



# ДОЛГОРОЧНИ ПАРТНЕРСТВА

Пивара Скопје на годишно ниво поддржува најразновидни едукативни, спортски, хуманитарни и културни настани. Тука е вклучено и партнерството со една од најпознатите свадби, **Галичката свадба**, кое трае веќе **50** години, со цел **заштита на традицијата, културата и наследството**. **Фестивалот „Охридско лето“**, како една од најреномираните културни манифестации во земјава, го поддржуваме **35** години и со тоа **ги славиме и ги зачувуваме културата, уметноста и традицијата**. Веќе **43** години наш партнер е и **Ракометната Федерација на Македонија**, **поддржувајќи го ракометот** како еден од најуспешните спортови во земјава.



**50 ГОДИНИ**

Галичка свадба



**35 ГОДИНИ**

Охридско лето



**43 ГОДИНИ**

Ракометна Федерација на Македонија



ПИВАРА • СКОПЈЕ
1922

**Пивара Скопје АД е водечка компанија за пијалаци во Северна Македонија, која повеќе од 100 години ги опслужува купувачите и им нуди уживање на потрошувачите.**

Повеќе за нас може да дознаете на:

- **polnacasa.mk**
- **facebook.com/pivaraskopje**
- **instagram.com/pivara.skopje**
- **linkedin.com/company/pivara-skopje-ad**

**THE SOCIO ECONOMIC IMPACT** OF PIVARA SKOPJE IN MACEDONIA

ПИВАРА • СКОПЈЕ
1922

Coca-Cola HBC    THE Coca-Cola COMPANY    HEINEKEN